# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007, 88/2008 и 52/2009), во членот 2 точка 6 на крајот од реченицата по зборот "состојба" се додаваат зборовите: "вклучувајќи ги подготвителните, придружните и последователните активности поврзани со добивањето на минералните суровини".

Член 2

Во членот 5 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Деталните геолошки истражувања за минералните суровини од членот 3 став (2) точка 1 на овој закон можат да се вршат по претходна согласност на Владата на Република Македонија."

Член 3

Членот 5-а се менува и гласи:

„Одредбите од овој закон не се применуваат на постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини на јавните претпријатија, јавните установи, трговски друштва основани од Република Македонија и друштва врз кои државата има директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседува поголем дел од капиталот на друштвото, има мнозинство гласови на акционерите/содружниците и доколку именува повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото, другите правни лица кои вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања, како и на субјектите кои се сопственици на земјиштето на чиј простор се бара доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини за минералните суровини од членот 3 став (2) точка 5 на овој закон."

Член 4

Во членот 9 став (5) по зборовите: "точките 1, 2 и 4" се додаваат зборовите: "и ставот (4)".

Член 5

Во членот 10 став (9) по зборовите: "врши увид на локалитетот и усогласување на просторот" се додаваат зборовите: "во рок од 14 дена", а по зборовите: "бара мислења од" се додаваат зборовите: "единиците на локалната самоуправа и од".

Во ставот (10) зборот "осум" се заменува со бројот "30".

Во ставот (13) по алинејата 1 се додав нова алинеја 2, која гласи:

„- на просторот за кој е поднесена иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања е веќе доделена дозвола или концесија за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини,".

Алинеите 2 и 3 стануваат алинеи 3 и 4.

Член 6

Во членот 11 став (1) по зборовите: "заради доистражување на минералните суровини" се додаваат зборовите: "за потребите на проширување на концесијата за експлоатација".

Ставовите (4) и (5) се менуват и гласат:

„(4) Доистражување на минерални суровини може да се врши за минералните суровини од членот 3 став (2) точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој закон.

(5) Просторот на кој се издава дозволата од ставот (1) на овој член не може да биде поголем од една третина од површината на постојната концесија за експлоатација на минерални суровини, освен за експлоатацијата на минералните суровини од членот 3 став (2) точки 1 и 2 на овој закон каде што просторот за доистражување не може да биде поголем од две третини од површината на постојната концесија."

Член 7

Во членот 12 став (3) по зборовите: "бара мислења од" се додаваат зборовите: "единиците на локалната самоуправа и од".

Член 8

Во членот 13-а став (1) точки 1 и 4 бројот "9" се заменува со бројот "13".

Член 9

Во членот 18 ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

По членот 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

Престанок на концесијата за детални геолошки истражувања

(1) Концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини престанува да важи во случаи на:

1) истек на рокот на важење на концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини;

2) предвремен откуп на концесијата за детални геолошки истражувања во јавен интерес;

3) стечај или ликвидација на концесионерот и

4) еднostran раскин на договорот за концесија согласно со ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) од овој член.

(2) Концесијата за детални геолошки истражувања престанува да важи со истекот на рокот на важење на концесијата за детални геолошки истражувања на минерални суровини под услов концесијата да не е продолжена согласно со членот 15 од овој закон.

(3) Концесијата за детални геолошки истражувања концедентот може да ја откупи и пред истекот на рокот за кој и е доделена под услов за тоа да постои јавен интерес утврден со закон со кој се утврдува и износот на надоместокот за откуп на концесијата. Со откупот концесијата престанува да важи.

(4) Концедентот и концесионерот можат еднострано да го раскинат договорот за концесија заради повреда на договорните обврски од страна на концедентот, односно концесионерот согласно со закон и според одредбите од договорот.

(5) Во случај на битна повреда на обврските предвидени во концесискиот договор од страна на концесионерот, концедентот може еднострано да ја раскине концесијата, односно договорот за концесија при што се спроведува постапка за запирање на деталните геолошки истражувања.

(6) Постапката за запирање на деталните геолошки истражувања ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(7) Во случајот од ставот (5) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини определува рок во кој концесионерот треба да ги исправи пропустите во смисла на ставот (4) од овој член. Рокот треба да биде доволен за да може концесионерот да постапи по известувањето и да ги исправи пропустите.

(8) Како битни повреди за еднострани раскин на договорот за концесија од ставот (5) на овој член се сметаат повредите утврдени во членот 20 од овој закон.

(9) Со одлука на Владата се врши едностран раскин на договорот за концесија во која се наведуваат причините заради кои се раскинува договорот, за што органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини го известува концесионерот.

(10) Одлуката од ставот (9) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија"."

Член 10

Насловот на членот 20 се менува и гласи: "Одземање на концесијата за детални геолошки истражувања".

По точката 6 се додаваат три нови точки 7, 8 и 9, кои гласат:

„7) концесионерот ќе го пренесе предметот на концесија на друг концесионер без согласност на концедентот;

8) концесионерот не постапил по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон и

9) концесионерот нема да го плати надоместокот за концесија утврден со договорот за концесија."

Член 11

Во членот 29 ставови (4) и (5) точка 1 зборовите: "односно концесискиот проект" се бришат.

Во ставот (7) зборовите: "животната средина и просторното планирање" се бришат.

Член 12

Во членот 30 став (1) точката 1 се менува и гласи:

„1) подносителот на барањето не ја приложи документацијата од членот 29 ставови (3), (4), (5) и (6) на овој закон;".

По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) доколку со експлоатацијата на минералните суровини би се предизвикало нарушување на пазарот или би се создале услови за создавање на доминантна позиција на пазарот на минералната суровина за која се бара доделување на концесија, освен за минералните суровини од членот 3 став (2) точки 1 и 2 на овој закон."

Член 13

Во членот 37 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случајот од ставот (1) на овој член минералните суровини за кои и е доделена концесијата за експлоатација се сопственост на концедентот и не можат да бидат предмет на откуп."

Член 14

Во членот 39 став (4) по точката 4 се додаваат три нови точки 5, 6 и 7, кои гласат:

„5) концесионерот не започнал со експлоатација на минералните суровини во рок од две години, сметано од денот на издавање на дозволата за експлоатација;

6) концесионерот не ги платил надоместоците за доделената концесија на начин и под услови утврдени со Договорот за концесија и Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини;

7) концесионерот не врши експлоатација на рудното тело спрема докажаниот процент на содржина на корисни компоненти во рудата со деталните истражувања на минералните суровини, односно врши експлоатација само на богатата руда;".

Точките 5 и 6 стануваат точки 8 и 9.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација согласно со ставот (1) од овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини формира комисија која е должна да ја утврди состојбата на лице место и исполнувањето на обврските утврдени со закон и договорот за концесија и да достави извештај до министерот во рок не подолг од 60 дена."

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

Член 15

Во членот 40 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Во случај кога се работи за минерални суровини кои се неделиви во процесот на нивната експлоатација од минералните суровини што се предмет на веќе доделената концесија за експлоатација и се наоѓаат на истиот простор, концесија за експлоатација може да му се додели на имателот на концесијата и за тие минерални суровини.

(4) Постапката за доделување на концесија за експлоатација во случаите од ставот (3) на овој член се спроведува согласно со одредбите од членот 29 на овој закон."

Член 16

Во членот 51 став (1) точка 8 зборовите: "15 ноември" се заменуваат со зборовите: "1 октомври".

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Класификацијата и прекатегоризацијата на рудните резерви од ставот (4) на овој член се врши за период од пет години."

Ставот (5) станува став (6).

Член 17

Во членот 57 став (1) по зборовите: "односно експлоатација" се додаваат зборовите: "и минерална технологија".

Ставот (2) и точките 1 и 2 се менуваат и гласат:

„(2) Работа на одделни работни места во правното или физичкото лице кое врши експлоатација на минерални суровини и минерална технологија, можат да ја вршат лица кои покрај општите услови ги исполнуваат и следниве услови, и тоа за:

1) раководител на рудник со површинска експлоатација или одреден негов дел, рударски факултет насока површинска експлоатација на минерални суровини или општа насока и најмалку две години работно искуство во струката;

2) раководител на рудник со подземна експлоатација или одреден негов дел, рударски факултет насока подземна експлоатација на минерални суровини или општа насока и најмалку две години работно искуство во струката;".

Во точката 5 зборовите: "2 метри" се заменува со зборовие: "четири метри".

Во ставот (5) зборовите: "точка 11" се заменуваат со зборовите: "точка 12".

Во ставот (7) по зборовите: "точка 1, 2" запирката се заменува со сврзникот "и", а броевите: "4, 5, 6, 7 и 8" се бришат.

Член 18

Во членот 58 став (1) по зборовите: "членот 22 став (1) точка" се додаваат зборовите: "1 и".

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Лицето кое изработува геолошка документација од ставот (1) на овој член, мора да поседува лиценца за изработка на геолошка документација."

Член 19

Во членот 60 ставови (2) и (6) по зборовите: "од членот 22 став (1) точка" се додаваат зборовите: "1 и".

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Стручната оцена (ревизија) од ставот (1) на овој член може да ја врши само лице кое има лиценца за изработка на ваков вид документација."

Ставот (7) се брише.

Член 20

Во членот 64 ставот (3) се менува и гласи:

„Средствата наплатени од ставовите (1) и (2) на овој член:

- 22% се приход на Буџетот на Република Македонија и

- 78% се приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Средствата кои согласно со ставот (3) алинеја 1 од овој член се приход на Буџетот на Република Македонија во висина од 4% и ќе се користат за рекултивација и враќање во корисна состојба на деградираните простори на кои се вршени геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.“

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Ставот (7) се брише.

Член 21

Насловот на Делот VII се менува и гласи: "БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА".

Член 22

Насловот на членот 67 и членот 67 се менуваат и гласат:

„Заштита при работа при вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини

(1) Заради безбедност на животот и здравјето на работниците, имателот на дозволата за детални геолошки истражувања или концесионерот е должен:

1) навремено да ги спроведува мерките за безбедност при работа согласно со овој закон и Законот за безбедност и здравје при работа и

2) да ја организира и уреди заштитата при работа со акт спрема специфичните услови и опасности во своите објекти согласно со овој закон и Законот за безбедност и здравје при работа.

(2) При изведување на рударски работи и вршење на надзор, изведувачот мора да обезбеди технички надзор и водење на работите согласно со овој закон и Законот за безбедност и здравје при работа.

(3) Одговорното лице за изведување на рударски работи или лицето кое врши технички надзор над изведувањето на рударските работи, како и лицата кои вршат надзор над безбедноста при работа, имаат право привремено да го отстранат од вршење на работите, работникот кој извршил повреда на некоја пропишана мерка со која се загрозува личната и колективната сигурност и безбедност.

(4) При изведување на рударските работи изведувачот мора да обезбеди водење на евиденција во електронска или пишана форма за рударски надзор во која се внесуваат:

1) мерките на овластените лица на изведувачот кои се однесуваат на безбедноста при работа и здравјето на работниците и

2) службените налози на овластените лица на изведувачот.

(5) Изведувачот на подземни рударски работи задолжително мора да организира служба за безбедност при работата.

(6) Изведувачот кој изведува рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња, мора да организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита.

(7) Начинот на организирањето и работата на службата за спасување го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на трудот и социјалната политика по претходна согласност на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(8) При изведување на рударски работи, изведувачот мора да преземе и мерки заради безбедност на животот и здравјето на граѓаните, како и безбедност на недвижните и движните работи.

(9) Поблиските услови и начинот на безбедност при работа во рударството ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на трудот и социјалната политика по претходна согласност на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(10) Начинот на изработка и содржината на планот за одбрана и спасување во случај на колективна опасност или несреќа го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната по претходна согласност на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(11) Работите и задачите што се сметаат за опасни (работи во окна, расчистување на рушевини и слично) можат да се изведуваат само под надзор на стручно лице кое го определува одговорното лице.

(12) Правното или физичкото лице мора пред распоредувањето на работите, односно на работните задачи, работникот со кој засновал работен однос да го запознае со прописите и мерките за безбедноста при работа во врска со работите кои ќе ги врши, со опасностите кои можат да настанат при таа работа, како и со организирањето и спроведувањето на безбедносните мерки при работа и да определи работник кој целосно ќе го запознае со правата и обврските во врска со безбедноста при работа и условите за работа.

(13) Работникот кој прв пат се распоредува на рударските работи мора постепено, а најмалку 15 дена да се внесува во работата под непосредно раководење и надзор на работник и инструктор определен од работник со посебни овластувања и одговорности.

(14) Работниците кои се распоредени на работно место во јама мораат при нивното прераспоредување на друго работно место на кое не работеле дотогаш да се запознаат со специфичните опасности на новото работно место и со мерките за безбедност при работа и опасностите кои можат да настанат при вршење на работите на кои се распоредуваат.

(15) Работниците кои се распоредени на работно место во површинските погони кои во јамата влегуваат повремено заради извршување на одделни работи, мора да бидат претходно запознати со специфичностите на работата во јама, со сите опасности кои произлегуваат од таквата работа и со мерките за безбедноста при работа на кои мора да се придржуваат.

(16) Работниците кои се распоредени на работно место надвор од јама можат да влегуваат во јама само со дозвола на раководителот на јамата или од него овластено лице.

(17) Секој работник е должен во текот на работата да ги почитува и спроведува пропишаните мерки и постојано да го дополнува и да го усовршува своето знаење од областа за безбедност при работа.

(18) Правното или физичкото лице е должно да донесе посебни програми за стекнување, дополнување и усовршување на знаењето за областите за безбедност при работа според видовите на работите, односно работните задачи.

(19) Концесионерот, односно изведувачот на деталните геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини е должен:

1) да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:

- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност,
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа,
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи,
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност,
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма,
- обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни,
- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема и
- следење на здравствената состојба на вработните;

2) средствата за работа да ги одржува во исправна состојба, да ја проверува исправноста и безбедноста за работа со повремени прегледи и испитувања кои ги врши на начин и во рокови пропишани со актот што тој го донесува, односно со упатството на производителот, техничките прописи и стандарди;

3) концесионерот, односно изведувачот на деталните геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини не смее да стави во употреба средства за работа кои не се прегледани и испитани за безбедно работење, односно ако не се исправни за безбедна работа, ниту пак вработениот смее да употреби такви средства за работа и

4) да води евиденција за:

- стручното обучување и оспособување на вработените за безбедна работа,
- извршените прегледи на средствата за работа,
- спроведените испитувања на физичките, хемиските и биолошките параметри,
- штетноста и на микроклимата на работните места,
- претходните и периодичните здравствени прегледи на вработените и
- професионалните болести, заболувањата во врска со работата, повредите при работа и смртните случаи при работата."

Член 23

Во членот 68 ставови (1), (2) (3) и (4) зборот "заштита" се заменува со зборот "безбедност".

Член 24

Во членот 69 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Концесионерот, односно изведувачот на деталните геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести државниот инспекторат за техничка инспекција за секој смртен случај, колективна несреќа и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа."

Член 25

Во членот 72 став (1) по зборовите: "со проектот за вршење детални геолошки истражувања" се додаваат зборовите: "проектот за санација, кој е составен дел од главниот или дополнителниот рударски проект".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Заради рекултивација и враќање во корисна состојба на деградираните простори на кои се вршени геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, Владата донесува годишна програма за рекултивација на деградирани простори.

(4) Средствата за финансирање на годишната програма од ставот (3) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија."

Член 26

Во членот 74 ставот (5) се менува и гласи:

„Постапката за привремено одземање на предмети, средства и минерални суровини од ставот (4) на овој член, местото на нивното складирање, чување и надзор до завршување на судската постапка ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за правда."

Член 27

Во членот 74-а точка 3 зборот "лиценца" се заменува со зборот "овластување".

Во точките 6, 7, 11 и 17 зборот "заштита" се заменува со зборот "безбедност".

Член 28

Во членот 74-б став (1) точки 8, 9 и 18 зборот "заштита" се заменува со зборот "безбедност".

Член 29

Во членот 74-г зборовите: "прописите за заштита" се заменуваат со зборовите: "прописите за безбедност и здравје".

Член 30

Во членот 74-н зборовите: "и заштитата" се бришат.

Член 31

Членот 75 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) врши детални геолошки истражувања без концесија за детални геолошки истражувања (член 10 став (1));

2) врши доистражување на минералните суровини на определен простор кој се граничи со просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација на минерални суровини без дозвола за детални геолошки истражувања (член 11 став (1));

3) на свој товар не спроведува мерки за заштита на животната средина и рекултивација на земјиштето (членови 13 став (2) точка 5 и 19 став (2) точка 5);

4) депонира штетни, радиоактивни и други опасни и отпадни материи во напуштените рударски објекти во кои се вршеле детални геолошки истражувања и на просторот определен со дозволата за вршење на детални геолошки истражувања (членови 13 став (2) точка 6 и 19 став (2) точка 6);

5) врши експлоатација на минерални суровини без концесија за експлоатација на минерални суровини (член 23 став (1));

6) врши експлоатација на минерални суровини надвор од експлоатационото поле дефинирано со главниот или дополнителниот рударски проект (член 25 став (3));

7) инфраструктурните објекти (пат, далновод и друго), кои поминуваат низ концесискиот простор ги уништува и загрозува и го оневозможува нивното користење од страна на други лица (член 25 став (4));

8) изврши пренос на концесијата спротивно на одредбите од членот 34 став (2) на овој закон;

9) ја даде концесијата под закуп (член 34 став (4));

10) врши експлоатација на новооткриени минерални суровини на просторот на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини без да има добиено концесија или дозвола за експлоатација за новооткриените минерални суровини (член 40);

11) започне со експлоатација на минерални суровини и изведување на рударски работи без да добие дозвола за експлоатација на минерални суровини (член 41 став (1));

12) изведува рударски работи и објекти во постојните рудници кои не се опфатени со главниот рударски проект без дополнителен рударски проект и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект (член 47 став (1));

13) не ги изведува рударските работи согласно со дозволата, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи (член 51 став (1) точка 1);

14) не врши реинјектирање на вишокот на минерални суровини од членот 3 став (2) точки 6 и 7 на овој закон во медиумот согласно со дозволата за експлоатација (член 51 став (1) точка 3);

15) не спроведува мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето согласно со закон (член 51 став (1) точка 6);

16) стави во употреба средства за работа кои не се прегледани и испитани за безбедно работење, односно ако не се исправни за безбедна работа таквите средства за работа (член 67 став (20) точка 3);

17) веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено не го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција за секој смртен случај, колективна несреќа и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа (член 69 став (1));

18) не изведе санација на просторот во согласност со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, проектот за санација кој е составен дел од главниот или дополнителниот рударски проект, договорот за концесија и дозволата за експлотација (член 72 став (1));

19) по завршување на деталните геолошки истражувања и изведувањето на рударски работи, односно експлоатација на минерални суровини и минерална технологија, врши складирање на штетни, опасни, радиоактивни и отпадни материјали во напуштените простори и копови (член 72 став (3));

20) не постапува по извршното и конечно решение на државниот рударски инспектор и државниот инспектор за електрика во рударството (член 74-ј став (1)) и

21) го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор и не му ја стави на увид потребната документација за вршење на тој надзор (член 74-љ ставови (1) и (3)).

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеца ниту подолго од пет години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.

(3) Покрај прекршочната санкција на лицата од ставот (2) на овој член, за дејствијата од ставот (1) точки 5, 6, 10 и 11 на овој член може да се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети и целокупните количини на бесправно експлоатираните минерални суровини за кои е донесено решение за забрана со нивно располагање од страна на овластен орган.

(4) Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член и за одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години.

(5) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 32

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) изведува основни и детални геолошки истражувања без да ги исполнува условите за тоа (член 6 став (1));

2) при вршењето на деталните геолошки истражувања се откријат и други видови на минерални суровини освен оние за кои е доделена концесија за детални геолошки истражувања, а истите не се опфатени со елаборатот од извршените детални геолошки истражувања и соодветно прикажани по квалитет и квантитет (член 6 став (4));

3) техничко водење и надзор над вршење на геолошките истражувања врши лице кое не поседува лиценца за изработка на геолошка документација (член 6 став (5));

4) работите при геолошките истражувања не ги изведува согласно со проектот за вршење на детални геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи со кои е регулирано изведувањето на такви работи (членови 13 став (2) точка 2 и 19 став (2) точка 2);

5) не ги спроведува мерките за безбедност при работа согласно со овој и друг закон (членови 13 став (2) точка 3 и 19 став (2) точка 3);

6) навремено не презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти (членови 13 став (2) точка 4 и 19 став (2) точка 4);

7) во рок од 30 дена по завршување на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини не достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања или извештај за извршените детални геолошки истражувања доколку резултатите од деталните геолошки истражувања се негативни (член 13 став (2) точка 8);

8) во рок од 15 дена пред започнувањето на деталните геолошки истражувања до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини не ја достави документацијата предвидена во членот 19 став (1) точки 1 и 2 од овој закон;

9) во рок од 120 дена по истекот на концесијата или дозволата до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини не достави елаборат од извршените детални геолошки истражувања или извештај за извршените детални геолошки истражувања доколку резултатите од деталните геолошки истражувања се негативни (член 19 став (2) точка 8);

10) изведува рударски работи без да ги исполнува условите пропишани со овој и друг закон (член 50 став (1));

11) не врши рударски мерења и не поседува рударски планови за вршење на експлоатација на минералните суровини (член 51 став (1) точка 2);

12) не ги спроведува мерките за заштита при работа (член 51 став (1) точка 4);

13) навремено не презема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти (член 51 став (1) точка 5);

14) не води евиденција на произведените количини на минерални суровини во пишана форма (член 51 став (1) точка 7);

15) во определениот период во членот 51 став (1) точка 8 од овој закон не изврши геодетско снимање и не изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини и истиот не го достави до 31 декември во тековната година до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини (член 51 став (1) точка 8);

16) не постави соодветни мерни инструменти за мерење на протокот на експлоатираната количина на минерална суровина, во случај кога се работи за експлоатација на минералните суровини од членот 3 став (2) точки 1 (јаглеводороди во течна состојба), 6 и 7 на Законот за минерални суровини (член 51 став (1) точка 9);

17) не врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви во роковите предвидени во членот 51 став (4) од овој закон;

18) при изведување на рударските работи не обезбеди техничко водење и надзор на изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи, како и според прописите за безбедност при работа (член 53 став (1));

19) техничко водење и надзор на изведувањето на рударските работи ги врши стручно лице кое нема лиценца за вршење на тие работи (член 53 став (2));

20) најдоцна 24 часа по запирање на работите, а во случај на опасна појава, веднаш не го пријави на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција за времено прекинување на изведувањето на рударски работи при истражување и експлоатација на минералните суровини поради непредвидени геолошки, рударски или економски причини (појава на гас или вода, горски удари, јамски пожари, пореметување на главни патишта за проветрување и одводнување, лизгање на терен и слично) (член 54 став (1));

21) планира времено запирање на работите повеќе од шест месеца, не го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција во определениот рок и не изврши рударски мерења на состојбите, како и дополнување на рударските планови и не направи записник за причините за престанување на работите и за опасностите кои можат да настанат во текот на запирањето и при повторниот почеток на работите (член 54 став (2));

22) во периодот на временото прекинување на рударските работи не ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба која овозможува без опасности да се поминува преку нив (член 54 став (3));

23) не изготви дополнителен рударски проект во согласност со одредбите од овој закон доколку не продолжи со експлоатација на минералните суровини по рокот определен во членот 54 ставови (2) и (3) од овој закон;

24) пушти во употреба рударскиот објект без извршен технички преглед и издадено решение за употреба (член 55 став (1));

25) при вршењето на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини не организира, уреди и не спроведува навремено мерки за безбедност при работа (член 67 став (1));

26) при изведување на рударските работи не обезбеди водење на евиденција во електронска или пишана форма за рударски надзор (член 67 став (4));

27) при изведба на подземни рударски работи не организира служба за безбедност при работата (член 67 став (5));

28) не организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита при изведување на рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња (член 67 став (6));

29) при изведување на рударски работи не преземе мерки заради заштита на животот и здравјето на граѓаните, како и безбедност на недвижните и движните работи (член 67 став (8));

30) пред распоредувањето на работите, односно на работните задачи, работникот со кој засновал работен однос не го запознае со прописите и мерките за безбедност при работа во врска со работите кои ќе ги врши, со опасностите кои можат да настанат при таа работа, како и со организирањето и спроведувањето на безбедносните мерки при работа и не определи работник кој целосно ќе го запознае со правата и обврските во врска со безбедноста при работа и условите за работа (член 67 став (13));

31) работникот кој првпат се распоредува на рударските работи постепено, а најмалку 15 дена не се внесува во работата под непосредно раководење и надзор на работник и инструктор определен од работник со посебни овластувања и одгрворности (член 67 став (14));

32) работниците кои се распоредени на работно место во јама при нивното прераспоредување на друго работно место на кое не работеле дотогаш не се запознаат со специфичните опасности на новото работно место и со мерките за безбедност при работа и опасностите кои можат да настанат при вршење на работите на кои се распоредуваат (член 67 став (15));

33) работниците кои се распоредени на работно место во површинските погони кои во јамата влегуваат повремено заради извршување на одделни работи, претходно не се запознати со специфичностите на работата во јама, со сите опасности кои произлегуваат од таквата работа и со мерките за безбедност при работа на кои мора да се придржуваат (член 67 став (16));

34) не се спроведуваат обврските од членот 67 став (20) точка 1 на овој закон;

35) средствата за работа не ги одржува во исправна состојба, не ја проверува нивната исправност и безбедност за работа со повремени прегледи и испитувања на начин и во рокови пропишани со актот што тој го донесува, односно со упатството на производителот, техничките прописи и стандарди (член 67 став (20) точка 2);

36) не организира запознавање на сите работници со прописите и мерките за безбедност при работа, како и со мерките за спроведување на плановите за одбрана и акциите за спасување во случај на ненадејни несреќи и за таа цел еднаш годишно не организира обука (член 68 став (1)) и

37) еднаш годишно не изврши проверка на познавањето на прописите и мерките за заштита при работа, како и плановите за одбрана и акциите за спасување во случај на ненадејни несреќи на работниците со посебни овластувања и одговорности кои вршат надзор, палител на мини, како и други работници со посебни овластувања (член 68 став (1)).

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеца ниту подолго од пет години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.

(3) Со глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице и ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години.

(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член и доколку при вршењето на геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини не го извести непосредниот раководител за несреќа при работа, потешка повреда при работа или појава што го загрозува животот на работниците, како и за причините за настанување на истите (член 69).“

Член 33

Членот 77 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) при вршењето на детални геолошки истражувања не обезбеди писмена согласност од сопствениците или корисниците на земјиштето во државна сопственост за делот на земјиштето каде што се вршат деталните геолошки истражувања (членови 13 став (2) точка 1 и 19 став (2) точка 1);

2) до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини најмалку еднаш годишно, во рок определен во дозволата, не доставува извештај за извршените детални геолошки истражувања согласно со динамиката утврдена во дозволата за вршење на детални геолошки истражувања (членови 13 став (2) точка 7 и 19 став (2) точка 7);

3) на просторот за вршење на деталните геолошки истражувања ја нема документацијата предвидена во членовите 13 став (3) и 19 став (3) од овој закон;

4) при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини ја нема документацијата предвидена во членот 51 став (2) од овој закон дозвола за експлоатација на минерални суровини и дозвола за изведување на дополнителни рударски работи;

5) врши пробно работење на рударскиот објект подолго од три месеца, сметано од денот на пуштање во пробна работа на изведениот рударски објект (член 56 став (3));

6) лицата кои вршат работи на одделни работни места не ги исполнуваат условите од членот 57 став (2) на овој закон;

7) работниците кои се распоредени на работно место надвор од јама влегуваат во јама без дозвола на раководителот на јамата или од него овластено лице (член 67 став (17));

8) не донесе посебни програми за стекнување, дополнување и усовршување на знаењето за областите за безбедност при работа според видовите на работите, односно работните задачи (член 67 став (19)) и

9) не води евиденција предвидена во членот 67 став (20) точки 4 и 5 од овој закон;

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење одделна дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеца ниту подолго од пет години, како и дејноста чие вршење му се забранува на правното лице.

(3) Со глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице и за тоа ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до пет години.

(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член."

Член 34

Субјектите кои управуваат со бањите и производителите на пакувана вода, газирани и негазирани пијалаци кои вршат експлоатација на термоминерални и подземни води се должни согласно со одредбите од овој закон да започнат постапка за добивање на концесија за експлоатација во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Концесијата за експлоатација на субјектите од ставот (1) на овој член се доделува врз основа на барање согласно со членот 29 од овој закон.

Член 35

Лицата кои се стекнале со лиценца за изработка на геолошка документација и рударски проекти, односно лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работите од областа на геологијата и рударството до денот на влегувањето во сила на овој закон се ослободени од полагање на стручни испити согласно со членовите 53, 58 и 59 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008 и 52/2009).

Лицата кои имаат добиено лиценца за изработка на геолошка документација и рударски проекти, односно лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работите од областа на геологијата и рударството до денот на влегувањето во сила на овој закон можат да вршат и работи на техничко водење и надзор согласно со членовите 6 став (5) и 53 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008 и 52/2009).

Лицата кои имаат положено стручен испит за самостојно вршење на работата од областа на геологијата и рударството до денот на влегувањето во сила на овој закон и имаат добиено уверенија и овластувања од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се заменат со лиценци и овластувања во согласност со овој закон, во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 36

Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација врз основа на Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002), а кои не започнале со експлоатација на минерални суровини за која и е доделена концесијата за експлоатација се должни во рок од шест месеца да започнат со експлоатација, сметано од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку концесионерите во рокот од ставот (1) на овој член не започнат со експлоатација, концедентот ќе донесе одлука за престанок на важење на концесиите врз основа на која ќе се раскинат и договорите за концесија.

Одлуката од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 37

Концесионерите на кои им е издадено одобрение за експлоатација врз основа на Законот за истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на СРМ" број 24/73), Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на СРМ" број 18/88) и Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 18/99 и 29/2002), се должни да ги решат имотно-правните односи во делот на земјиштето каде што се врши експлоатација на минералните суровини на начин и под услови утврдени со закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку концесионерите не ги решат имотно-правните односи во рокот од ставот (1) на овј член, министерот за економија ќе го укине одобрението за експлоатација.

Член 38

Постапките за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2007, 88/2008 и 52/2009).

Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".